Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 23.03.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 1516 | 1 | |

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13 и 13/14), се доставува

Рок на чување ___ год
___ 20___ г. Скопје
Потпис ___

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за маркетиншки услуги МАРМАКС СТЕП ДООЕЛ Скопје, издавач на неделникот „Скопско ехо“, и тоа:

- изданието бр.18 на неделникот „Скопско ехо“ од 23 март 2017 година

3. **Датум на извршување на надзорот:** 23 март 2017 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши со цел да се констатира дали издавачот на печатен медиум, Друштвото за маркетиншки услуги МАРМАКС СТЕП ДООЕЛ Скопје, ја исполнува обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која *„издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум“.*

5. **Претходно изречена мерка:** нема

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Друштвото за маркетиншки услуги МАРМАКС СТЕП ДООЕЛ Скопје, издавач на неделникот „Скопско ехо“, во изданието бр.18 од 23 март 2017 година не ја исполнило во целост обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми.

7. **Опис на прекршувањето:** Со надзорот на Друштвото за маркетиншки услуги МАРМАКС СТЕП ДООЕЛ Скопје е утврдено дека издавачот на печатен медиум не ги објавил податоците за:

- адресата на уредништвото,

- името на одговорното лице на издавачот на медиумот,
- називот и адресата на печатницата,
- датумот на печатење или препечатување и
- бројот на печатени примероци.

8. **Предлог мерка:** Имајќи предвид дека во текот на 2017 година Друштвото за маркетиншки услуги МАРМАКС СТЕП ДООЕЛ Скопје не е опоменето за прекршување на член 14 став 1 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13 и 13/14), согласно член 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ("Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16) и член 29 став 2 од Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), се дава следната предлог мерка:

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Друштвото за маркетиншки услуги МАРМАКС СТЕП ДООЕЛ Скопје и согласно Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година), да му даде рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со Законот за медиуми и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил) по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***